# ЗА МАКЕДОНСКИ БРОД
# ГАРАНТИРАМЕ

## СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани сограѓани,

Пред вас е Програмата за Локалните избори во октомври 2021 година која треба да донесе промени и развој на Општина Македонски Брод.

Оваа програма е резултат на вашите потреби, предлози и иницијативи кои ги дававте изминатиов период. Оваа е ваша програма.

Изминативе четири години Општина Македонски Брод е во слободен пад.

Од секојдневните разговори со граѓаните од нашата општина одблиску може да се забележат разочарувањата од сегашната власт и многубројните проекти кои се ветувани, но сè уште не се исполнети во целост, а, за жал, некои и не се ниту започнати со реализација. Потребно е да се стави крај на лажните ветувања, искрено и чесно да се започне со реализација на реални проекти кои ќе го подобрат животот во нашата општина.

Свесен сум дека доколку понудиме реални проекти кои можат да се реализираат и да бидат финансиски поддржани, заедно може да направиме еден поубав Македонски Брод.

Мојата визија е Македонски Брод да биде пристојно место за живеење, каде што сите жители ќе имаат еднакви можности за развој, без разлика на социјалниот статус или политичката припадност.

Функцијата градоначалник нема да ме зароби во мојата канцеларија и да бидам недостапен за моите граѓани. Напротив. Постојано

ќе бидам покрај вас и ќе правам сè што е во моја надлежност да излегувам во пресрет и да помагам со реализација на што повеќе проекти и заедно да го направиме Македонски Брод поубаво место за живеење.

Почитувани мои сограѓани, јас не барам да ми дадат власт, туку барам да ми овозможите да ја раководам Општина Македонски Брод, а тоа значи во наредните четири години заедно да го креираме општинскиот буџет, заедно да решаваме каде ќе се трошат нашите народни пари и на кои проекти ќе им дадеме приоритет.

Вие знаете да препознаете искреност и чесност, а не само давање лажни ветувања. Потребно е конечно да погледнеме на проблемите со искрени очи и да започниме со нивно решавање.

Имаме план и програма со која уште во првата година од мандатот ќе започнеме со реализација на проекти кои ќе бидат предвесник на новите промени во нашата општина, бидејќи вие заслужувате да живеете во поубав град со кој ќе бидете горди на своето потекло, а на новите генерации кои ќе доаѓаат по нас да им оставиме убава, урбана и економски стабилна општина, бидејќи Македонски Брод навистина заслужува промени!

Затоа, ве повикувам сите кои искрено ја сакате Македонија и Македонски Брод да застанеме рамо до рамо и заедно да издвојуваме победа, голема победа за Македонски Брод.

За сите вас кои имате искрени и чесни намери има место во нашата кампања која ќе биде позитивна и оптимистичка.

Да го вратиме заедно оптимизмот во Македонски Брод кој низ годините ни беше одземен!

Конечно нека победи Македонски Брод !

Македонски Брод и Поречаните тоа го заслужуваат!

Со почит,

м-р Жарко Ристески

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

## 1. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА КЕЈ НА РЕКАТА ТРЕСКА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

**Опис:** Овој проект ќе овозможи уредување на централното градско подрачје и ќе стане место за релаксација, одмор и спортски активнсти на сите наши граѓани. Исто така, со овој проект ќе се спречи излевањето на Треска во централното градско подрачје.

**Извор на финансирање:** буџет на РМ и меѓународни фондови.

**Рок:** 2022 - 2025 година и ќе се реализира во фази.

## 2. ПРОЕКТ - УРБАНИЗАЦИЈА НА РУРАЛНИ СРЕДИНИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ПОТРЕБИТЕ НА МЕСНОТО НАСЕЛЕНИЕ ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО СТОЧАРСКИ ФАРМИ, РАЗВОЈ НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ И ИНДИВИДУАЛНИ ОБЈЕКТИ

**Опис:** Главна задача на овој проект е да овозможи развој на малите бизниси.

**Извор на финансирање:** буџет на РМ и на Општина Македонски Брод.

**Рок:** континуирано.

## 3. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА КАЛЕТО ВО МАКЕДОНСКИ БРОД.

**Опис:** Овој проект ќе овозможи уредување на градското Кале со пешачки патеки и хортикултурно уредување, со што граѓаните ќе добијат простор за рекреација во централното градско подрачје, а воедно ќе се заштити нашето културно и историско наследство.

**Извор на финансирање:** буџети на РМ и на Општина Македонски Брод.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

## 4. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА И ОСВЕТЛУВАЊЕ НА УЛИЦА ОД МОСТОТ НА РЕКАТА ТРЕСКА ДО ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА ВО ДОЛЖИНА ОД 1197,3 М.

**Опис:** Со изградбата на пешачка патека на оваа делница ќе се овозможи поголема безбедност на пешаците и велосипедистите.

**Извор на финансирање:** буџет на РМ и на Општина Македонски Брод.

**Рок:** 2022 -2025 година

## 5. ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИОТ СИСТЕМ „СТУДЕНЧИЦА“ (ГРАДСКА ВОДОВОДНА МРЕЖА)

**Опис:** Со овој проект ќе се направи реконструкција на веќе постоечкиот водоснабдителен систем низ градот Македонски Брод, а кој моментално има загуба од 60% питка вода во градот, а истата мрежа редовно не се одржува од страна на ЈП Водовод и каналзација.

**Извор на финансирање:** буџети на РМ, на Општина Македонски Брод и на ЈП Водовод и канализација.

**Рок:** континуирано.

## 6. ПРОЕКТ - ПОСТАВУВАЊЕ ФОТОВОЛТАИЧНИ ПАНЕЛИ НА ОПШТИНСКАТА ЗГРАДА

**Опис:** Со овој проект преку јавно приватно партнерство ќе се овозможи реконструкција на општинската зграда со цел добивање енергетско ефикасен објект и намалување на веќе постоечките трошоци.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Македонски Брод и меѓународни фондови.

**Рок:** 2021 - 2024 година.

## 7. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ МИКРОХИДРОЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ НА ЛОКАЛНИ ЦЕВКОВОДИ

**Опис:** Со овој проект ќе се овозможи поставување на микрохидроелектрични на локални цевководи, со што Општината ќе биде енергетски ефикасна и самоодржлива.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Македонски Брод и меѓународни фондови.

**Рок:** 2023 - 2025 година.



# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ НА СИТЕ ЛУЃЕ

## ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА ГРАЃАНИТЕ

### 8. ПРОЕКТ - ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

**Опис:** Локалната самоуправа ќе формира локален иновациски фонд за млади претприемачи, со што ќе се овозможи младите да бидат по конкурентни на пазарот на трудот, а со тоа ќе се креираат и нови работни места.

**Извор на финансирање:** буџети на РМ и на Општина Македонски Брод.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

### 9. ПРОЕКТ - ИНДУСТРИСКА ЗОНА „БАРБАРАС“, С. КРАПА

**Опис:** Со овој проект ќе се овозможи изградба на објекти за лесна незагадувачка индустрија за да можат домашните и странските компании да ги лоцираат своите логистички индустриски капацитети. Локалната самоуправа ќе обезбеди целосна комунална инфраструктра, со тоа што индустриската зона ќе претставува двигател на економскиот развој во Општина Македонски Брод.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод, на РМ и меѓународни фондови.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

### 10. ПРОЕКТ - СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

**Опис:** Општина Македонски Брод во соработка со бизнис-секторот ќе изработи стратегија за локален економски развој, со што локалната самоуправа ќе овозможи навремено и ефикасно да одговори на потребите од граѓаните и бизнис-заедницата.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод, на РМ и меѓународни фондови.

**Рок:** 2022 - 2023 година.



# 4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА - SMART CITY

## 11. ПРОЕКТ - ОБЕЗБЕДУВАЊЕ БЕСПЛАТНА WI-FI МРЕЖА НА ПРИСТАПНИ МЕСТА

**Опис:** Бесплатна wi-fi мрежа на две фреквентни локации во Македонски Брод и една локација во с. Самоков.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Макеоднски Брод.

**Рок:** 2021 - 2022 година.

## 12. ПРОЕКТ - 8-ЧАСОВНА ОНЛАЈН ПОДДРШКА ОД СТРАНА НА ОПШТИНАТА БРОД ЗА СИТЕ НЕЈЗНИ ГРАЃАНИ

**Опис:** Локалната самоуправа ќе овозможи онлајн поддршка за сите барања кои се од интерес на сите граѓани и нивно навремено решавање.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2021 - 2022 година.

## 13. ПРОЕКТ - ВОВЕДУВАЊЕ СИСТЕМ ЗА Е-НАПЛАТА

**Опис:** Целта на овој проект е овозможување и воведување систем за е-наплата на сите јавни општински претпријатија во Општината, со што граѓаните ќе добијат поедноставен и побрз начин на плаќање за навремено извршување на сите барања.

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Македонски Брод.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## 14. ПРОЕКТ - ПОСТАВУВАЊЕ Е-БИЛБОРД

**Опис:** Поставување е-билборд (информатор) за објава на корисни информации, известувања и јавни повици за јавно информирање на граѓаните од Општината, со што ќе се овозможи граѓаните постојано да бидат информирани за сите нејзини активности.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** од 2022 до 2023 година.



# 5. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТРУКТУРА

## 5.1. РЕГИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Капиталните проекти од регионалната инфраструктура ќе овозможат подобрување на сообраќајната инфраструктура внатре во Општината и надвор од неа.

### 15. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ОД П-408 ДО С. БЕНЧЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 5784 М

**Буџет:** 48.022,145 денари, односно 780 847 евра.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод, на РМ и меѓународни фондови.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

### 16. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ОД П-408 ДО С. РАМНЕ ВО ДОЛЖИНА ОД 6469 М

**Буџет:** 38.452,624 денари, односно 608 985 евра.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

### 17. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ПАТ ОД С. МОДРИШТЕ ДО С. ВИР ВО ДОЛЖИНА ОД 5544 М

**Буџет:** 42.362.117,06 денари.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

### 18. ПРОЕКТ - ДОИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ КОИ ГИ ПОВРЗУВА ВИКЕНД-НАСЕЛБИТЕ ВО СЕЛАТА ЗДУЊЕ И БЛИЗАНСКО ВО ДОЛЖИНА ОД 10 400 М

**Буџет:** 59.729,362 денари

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Македонски Брод.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

## 19. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ ВО С. СУВОДОЛ

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2024 година

## 20. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ЛИНИСКИ УЛИЦИ ВО С. ДЕВИЧ

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Македонски Брод.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## 21. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛЕН ПАТ ТОМИНО СЕЛО - С. СУШИЦА

**Извор на финансирање:** буџет на Општина Македонски Брод.

**Рок:** 2024 до 2025 година

## 22. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПЕШАЧКА ПАТЕКА ОД С. СУВОДОЛ ДО МАКЕДОНСКИ БРОД

Извор **на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2024 - 2025 година.

## 23. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДБА НА УЛИЦА СО БЕКАТОНСКИ ПЛОЧКИ

од Манастирец до Дневниот центар за деца со посебни потреби во должина од 400 m

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

## 24. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА УЛИЦА СО БЕКАТОНСКИ ПЛОЧКИ

од с. Самоков до с. Звечан во должина од 720 m

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

### 25. ПРОЕКТ - СУВЕНЦИОНИРАН ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ

**Опис:** Локалниот транспорт од Македонски Брод кон селата во Поречието со години наназад е запоставен, а многуте локални линии низ Порече кои сега се прекинати ќе бидат повторно вратени со изработка на план за организиран превоз на патници, бидејќи нашите граѓани заслужуваат секојдневен превоз до градот за извршување на нивните секојдневни обврски. Оние линии, кои не се економски исплатливи за транспортерите, ќе бидат субвенционирани од страна на Општината.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** континуирано.

## 5.2. ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

### 26. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО ВИКЕНД-НАСЕЛБАТА ДОЛНА БЕЛИЦА ВО ДОЛЖИНА 2082 М

**Буџет:** 7.387,855 денари.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

### 27. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО ВИКЕНД-НАСЕЛБАТА ЗДУЊЕ ВО ДОЛЖИНА 1912 М

**Буџет:** 10.247,324 денари.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година

### 28. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО С. ЦРЕШНЕВО

во должина од 4935 m цевковод и 2646 m разводна мрежа

**Буџет:** 15.136,529 денари

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## 29. ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО С. СЛАНСКО ВО ДОЛЖИНА ОД 1300 М

**Буџет:** 11.197,668 денари.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

## 30. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ ВО ВИКЕНД-НАСЕЛБАТА ВО С. БЛИЗАНСКО ВО ДОЛЖИНА ОД 2626 М

**Буџет:** 10.982,047 денари.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2024 година.

## 31. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО С. САМОКОВ

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** од 2023 - 2025 година.

## 32. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА РЕЗЕРВОАРИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА

по претходно барање на месните заедници: Долно Крушје, Заград, Звечан, Томино Село, Брест и др.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

## 33. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ОД С. КРАПА ДО С. ЛОКВИЦА И С. ВИР

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2024 - 2025 година.

## 34. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО С. ЛУПШТЕ

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** од 2022 - 2025 година.

## 35. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

на с. Тополница, с. Могилец и с. Калуѓерец од регионалниот водовод.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2024 година.

## 36. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО С. БИТОВО

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2024 - 2025 година.

## 37. ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА И СТАВАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА ПРОЧИСТИТЕЛНАТА СТАНИЦА ВО МАКЕДОНСКИ БРОД

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод, на РМ и меѓународни фондови.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## 38. ПРОЕКТ - ДОИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА СО ПРОЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА С. БРЕСТ ВО ДОЛЖИНА ОД 710 М

**Буџет:** 4.344,944 денари.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод, на РМ и меѓународни фондови.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## 39. ПРОЕКТ - ДОИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА СО ПРОЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА С. ДЕВИЧ ВО ДОЛЖИНА ОД 1332 М

**Буџет:** 6.246,285 денари.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

## 40. ПРОЕКТ - ДОИЗГРАДБА НА КАНАЛОТ „ПЕСЈАК“ ЗА ПРИФАЌАЊЕ АТМОСФЕРСКИ ВОДИ И ПАРАЛЕЛЕН КАНАЛ

за фекална канализација во должина од 250 m

**Буџет:** 2.288,551 денари.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## 41. ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦИТЕ „РУЃЕР БОШКОВИЌ“, „СРЕМСКИ ФРОНТ“ И „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

## 42. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ВО С. САМОКОВ

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2024 година.

## 43. ПРОЕКТ - ДОИЗГРАДБА НА КАНАЛОТ „ЛОШТИЦА“ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА АТМОСФЕРСКИТЕ ВОДИ ВО ДОЛЖИНА ОД 300 М

**Буџет:** 6.388,450 денари.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

### 44. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА КАНАЛ ЗА ПРИФАЌАЊЕ АТМОСФЕРСКИ ВОДИ ВО НАСЕЛБАТА СУВЕНИР, САМОКОВ

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Макеоднски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

### 45. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЛОКАЛНИОТ ПАТ ВО С. ЗРКЛЕ (КРАК 2 И КРАК 3)

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Макеоднски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## 5.3. УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА

### 46. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СООБРАЌАЕН ПРОЕКТ ВО МАКЕДОНСКИ БРОД СО ХОРИЗОНТАЛНА И ВЕРТИКАЛНА ПАТНА СИГНАЛИЗАЦИЈА, СФЕРНИ ОГЛЕДАЛА И ПАРКИНГ-ПРОСТОР

**Опис:** Со овој проект ќе се зголеми сообраќајната безбедност во Македонски Брод и ќе се овозможат доволен број паркинг-места во централното градско подрачје.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** од 2022 - 2024 година.

### 47. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ МОСТ НА РЕКАТА ТРЕСКА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ

**Опис:** Со овој проект ќе се овозможи доуредување на централното градско подрачје и зголемување на безбедноста на пешаците.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2025.

## 48. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И ИЗГРАДБА НА ПЕШАЧКИ ТРОТОАР НА УЛИЦИТЕ „МАРШАЛ ТИТО“, „ПАРТИЗАНСКА“ И „ИЛИЈА ИГЕСКИ-ЦВЕТАН“.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** од 2022 - 2025 година.

## 49. ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „САВА КОВАЧЕВИЌ“

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## 50. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ПРИСТАПНА УЛ. „ИЛИНДЕНСКА“ ВО ДОЛЖИНА ОД 151,3 М

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## 51. ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „ВАСКО КАРАНГЕЛЕСКИ“ ВО ДОЛЖИНА ОД 700 М

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## 52. ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО ДОЛЖИНА ОД 870 М

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## 53. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ БЕКАТОНСКИ ПЛОЧИ НА УЛИЦИ КОИ НЕ МОЖЕ ДА СЕ АСФАТИРААТ:

ул. „Песјак“ до „Илија Игески-Цветан“ (крак) и ул. „Поречка“ до „Јане Сандански“ (крак).

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2023 година.



# 6. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

## МОДЕРНА ОБРАЗОВНА ИНФРАСРТРУКТУРА И СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ

- ООУ „Св. Климент Охридски“

### 54. ПРОЕКТ - ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СИСТЕМОТ ЗА ПАРНО ГРЕЕЊЕ

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

### 55. ПРОЕКТ - ПОВРЗУВАЊЕ НА СПОРТСКАТА САЛА СО СИСТЕМОТ ЗА ПАРНО ГРЕЕЊЕ

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

### 56. ПРОЕКТ - ДОГРАДБА НА САНИТАРНИОТ ЈАЗОЛ ВО СТАРИОТ ДЕЛ ОД УЧИЛИШТЕТО

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

### 57. ПРОЕКТ - ПОВТОРНО ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА УЧИЛИШНАТА КУЈНА

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** од 2022 - 2023 година.

## 58. ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОДРУМСКИТЕ ПРОСТОРИИ ВО СТАРИОТ ДЕЛ НА УЧИЛИШТЕТО

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2024 година.

## 59. ПРОЕКТ - ПРЕПОКРИВАЊЕ НА ПОНОВИОТ ДЕЛ ОД УЧИЛИШТЕТО

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## 60. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ДВЕ СЕНИЦИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НАСТАВА ВО ПРИРОДА

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 -2024 година.

## 61. ПРОЕКТ - ПОСТАВУВАЊЕ РАЗНИ СПРАВИ ЗА ВЕЖБАЊЕ И РЕКРЕАЦИЈА ВО ДВОРОТ ОД ЗАДНИОТ ВЛЕЗ НА УЧИЛИШТЕТО

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## 62. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА СТАКЛЕНА ГРАДИНА НА СЕВЕРОЗАПАДНАТА СТРАНА ОД УЧИЛИШТЕТО

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2024 година.

## 63. ПРОЕКТ - ОГРАДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР ВО ПОУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“, С. КОСОВО

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2024 - 2025 година.

## 64. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНО НАМЕНСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ПОУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“, С. МАНАСТИРЕЦ

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## 65. ПРОЕКТ - ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СТИПЕНДИИ ЗА УЧЕНИЦИ ВО СОУ „НАУМ ОХРИДСКИ“

**Опис:** Со овој порект ќе се овозможи секој ученик кој ќе се запише во СОУ „Св. Наум Охридски“ Македонски Брод да користи еднократен надомест во висина од 5000 денари, со што ќе се зголеми бројот на ученици.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2024 година.

## 66. ПРОЕКТ - ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ФИТНЕС-ЦЕНТАР ЗА УЧЕНИЦИ ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.



# 7. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

## 67. ПРОЕКТ - ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР

**Опис:** Со овој проект ќе се овозможи поддршка на невладиниот сектор за спроведување поректи од интерес за Општината со претходно објавување јавен повик.

**Буџет:** 200 000 денари.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2021 - 2023 година.

## 68. ПРОЕКТ - ВМРЕЖУВАЊЕ НА ОПШТИНАТА СО НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР

**Опис:** Локалната самоуправа ќе се вмрежи со невадиниот со цел заеднички настап пред домашните и странските фондови.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.



# 8. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

## ВОВЕДУВАЊЕ КОНЦЕПТ НА ЗЕЛЕНА И ЧИСТА ОПШТИНА

### 69. ПРОЕКТ - НАБАВКА НА ПОМАЛИ КАМИОНИ ЗА СОБИРАЊЕ СЕКАКОВ ВИД ОТПАД

со цел поголема пристапност и во помалите улици во градот за навремена услуга кон граѓаните и можност за собирање отпад во поголемите рурални населби

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2024 година.

### 70. ПРОЕКТ - ВОСПОСТАВУВАЊЕ ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОБИРАЊЕ СМЕТ

во малите рурални средини кои во моментот претставуваат потенцијални загадувачи на животната средина

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

### 71. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО С. ЦРЕШНЕВО.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## 72. ПРОЕКТ - РАСЧИСТУВАЊЕ НА РЕЧНОТО КОРИТО ОД ТРЕСКА

и воспоставување функционален систем за собирање и селекција секаков вид мешан отпад и спречување на загадувањето на Треска, како и заштита на рибниот фонд.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## 73. ПРОЕКТ - ЦЕНТАР ЗА СЕКУНДАРНА СЕЛЕКЦИЈА

**Опис:** Локалната депонија „Барбарас“ ќе биде центар за секундарна селекција на корисни фракции од отпад, биоѓубриво и сл., како и соработка со овластени купувачи на селектирани фракции отпад. Мешаниот остаток ќе се транспортира во нов современ центар за управување со отпад надвор од Општината.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

# ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## 74. ПРОЕКТ - ПОСТАВУВАЊЕ МИКРОХИДРОЕЛЕКТРИЧНА ЦЕНТРАЛА НА ГРАДСКИОТ ВОДОВОД

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## 75. ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОКРИВОТ ОД ЗГРАДАТА НА ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА И ЈП КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

**Опис:** Реконструкција на покривот од зградата на јавните претпријатија и приспособување за можно поставување фотоволтаични панели, како и поставување нова термоизолациска фасада.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** од 2022 - 2024 година.

## 76. ПРОЕКТ - СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВА ЗА КУПУВАЊЕ ИНВЕРТЕРИ КЛИМА-УРЕДИ ВО ВРЕДНОСТ ОД 1 000 000 ДЕНАРИ ГОДИШНО

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.



# 9. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Поддршката на туризмот има значајна улога во секоја држава и особено значаен фактор во економскиот развој на малите општини каде што треба да се обрне поголемо внимание. Ќе изработиме детална туристичка мапа во која ќе се промовираат културните, историските и природните богатства на Општина Македонски Брод, а со тоа и привлекување на нови инвестиции и креирање нови работни места.

## 77. ПРОЕКТ - Е-МАПА

**Опис:** Со овој проект ќе се изработи детална туристичка мапа за промоција на културно- историските знаменитости и локалитети која ќе биде објавена на официјалната веб-страница на Општина Македонски Брод.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2021 - 2022 година.



# 10. СПОРТ И КУЛТУРА

## ПОДОБРУВАЊЕ НА СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

### 78. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА КОШАРКАРСКО ИГРАЛИШТЕ ВО КРУГОТ НА ООУ „СВ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2025 година

### 79. ПРОЕКТ - ПОКРИВАЊЕ И РЕКНСТРУКЦИЈА НА ТРИБИНАТА НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

### 80. ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТРИТЕ ДЕТСКИТЕ ИГРАЛИШТА ВО МАКЕДОНСКИ БРОД КОИ СЕ ВО КРАЈНО ЛОША СОСТОЈБА И СЕ НЕФУНКЦИОНАЛНИ

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

### 81. ПРОЕКТ - КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА ЗА РАЗВОЈ НА ЖЕНСКИОТ ФУДБАЛ, НА МАШКИОТ МЛАДИНСКИ ФУДБАЛ, КАКО И НА МАЛИОТ ФУДБАЛ

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2024 година.

### 82. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ФИТНЕС-ЗОНА ПОКРАЈ ГРАДСКИОТ СТАДИОН

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ

### 83. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА ДЕТСКО МИНИИГРАЛИШТЕ ВО С. ТРЕБИНО И С. СУВОДОЛ

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

### 84. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНО ИГРАЛИШТЕ ВО С. МАНАСТИРЕЦ ВО БЛИЗИНА НА ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

### 85. ПРОЕКТ - ИЗГРАДБА НА ИГРАЛИШТЕ ЗА ФУДБАЛ ВО УЧИЛИШНИОТ ДВОР ВО С. КОСОВО

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

### 86. ПРОЕКТ - ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА ДЕТСКИОТ ФЕСТИВАЛ „РАСПЕАНО БРОТЧЕ“

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2024 - 2025 година.

## 87. ПРОЕКТ - СОЗДАВАЊЕ МУЗЕЈСКИ ПРОСТОР ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО НА ПОРЕЧИЕТО ВО ЗГРАДАТА САРАЈ

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2024 година.

## 88. ПРОЕКТ - КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ

**Опис:** Поддршка на културните настани: Велигденски кули (заштитено добро), Костенијада, Поречки средби, Потписи на срцето и други, кои се во насока на промоција на културата во Општината и зачувување на културното наследство.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## 89. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА СТУДИЈА ЗА АФИРМАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ ЗНАМЕНИТОСТИ ПЕШТЕРАТА ПЕШНА И ДЕВИНИ КУЛИ ЗАРАДИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

## 90. ПРОЕКТ - КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА, АФИРМАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА НА КУД „7 СЕПМТЕМВРИ“

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## 91. ПРОЕКТ - ВОЗОБНОВУВАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „ЛИКОВНА КОЛОНИЈА“

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2025 година.



# 11. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### 92. ПРОЕКТ - ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

**Опис:** Проектната документација за овој проект е изработена, а општинскиот објект е веќе отстапен.

**Извор на финансирање:** МТСП и меѓународни фондови.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

### 93. ПРОЕКТ - ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА ВО С. САМОКОВ.

**Опис:** Целта на проектот е преку јавно приватно партнерство да се оспособи постоечки објект во сопственост на локална самоуправа за дом за стари лица.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2024 година.

### 94. ПРОЕКТ - РЕСУРСЕН ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА НА ЗГРИЖУВАЧКИ СЕМЕЈСТВА

**Опис:** Кадарот ќе биде од локалната самоуправа и преку разни обуки ќе дава континуирана поддршка на згрижувачки семејства.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

## 95. ПРОЕКТ - ПРИСТАПНИ РАМПИ ЗА ИНВАЛИДИЗИРАНИ ЛИЦА ВО СИТЕ ЛОКАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## 96. ПРОЕКТ - ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПАРКИНГ-МЕСТА ЗА ИНВАЛИДИЗИРАНИ ЛИЦА

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2024 - 2025 година.

## 97. ПРОЕКТ - КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КОН ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## 98. ПРОЕКТ - РЕКОНСТРУКЦИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА ДВОРОТ ВО ПОСТОЕЧКИОТ ДНЕВЕН ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ВО С. МАНАСТИРЕЦ.

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## 99. ПРОЕКТ - МАЛ ГРУПЕН ДОМ ВО С. МАНАСТИРЕЦ

**Опис:** Целта на проектот е основање мал групен дома за деца кои биле сместени во згрижувачки семејства, а кои треба да ги напуштат во согласност со законските процедури (локалната самоуправа е во состојба да обезбеди локален објект и да го отстапи на МТСП).

**Извор на финансирање:** буџети на Општина Македонски Брод и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*